# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 28 Декември 2007 година<br>Службен гласник број 25<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ**

1. Одлуката за утврдување висината на комуналните такси, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2950/2
28.12.2007 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 20 од Законот за комунални такси (“Сл.весник на РМ”бр.61/2004 и 64/05) и чл.8 ст.2 од Законот за трговија („Сл.весник на РМ„ бр.16/04), а во врска со чл.26 т.46 од Статутот на општина Прилеп,(„Сл.гласник на општина Прилеп„бр.6/2003 и 4/2005) Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на 26.12.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за утврдување висината на комуналните такси

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат комуналните такси што се плаќаат за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес од локално значење од страна на правните и физичките лица што вршат дејност и од граѓаните.

Член 2

Висинатата на комуналните такси се утврдува со Тарифа за комунални такси, како што следува:

ТАРИФА ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ

Тарифен број 1
износ во денари

За фирма, односно назив на:

а)деловните простории на физички лица кои вршат дејност...... 2.000 ден.

б)деловните простории на физички лица кои вршат дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ.............................. 500 ден.

в)деловните простории на трговските друштва и другите правни лица од областа на производството,прометоти услугите, освенза продавници,киосци,деловни единици и сл.за кои так-сата изнесува 2.000 денари .......6.000 ден.

-деловни простории на правни лица од комуналните дејности.... 3.000 ден.

-деловни простории на трговските друштва и другите правнилица,како и на откупните пунктови кои дејствуваат повремено... 3.000 ден.

Тарифен број 2

За користење на површини во кампови за подигање на шатори и

друга слична привремена употреба-дневно......................30 ден.

Наплатата на таксата ја вршат угостителските,туристичките и други правни лица, другите даватели на угостителски туристички услуги, физичките лица кои вршат угостителска и туристичка дејност.

Давателите на услуги наплатената такса ја уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на Општината.

Тарифен број 3

износ во денари

За користење на просторот пред деловни простории завршење дејност од м2 дневно,

1.Највисок степен

-прва подзона..........................15 ден.

-втора подзорна.......................12 ден.

2.Повисок степен......................8 ден.

3.Основен степен.....................7 ден.

4.Понизок од основниот.........6 ден.

5.Најнизок степен...................5 ден.

Одобрение за вршење на дејност пред деловните простории издава Градоначалникот на општина Прилеп, согласно Правилникот за минимално техничките услови за деловните простори и простории во кои се врши трговија и Правилникот за минимално техничките услови за вршење на угостителска дејност,по претходно изготвена скица-ситуација.

Наплатата на таксата ја врши Органот надлежен за издавање на одобрение за вршење на дејност и ја уплатува на соодветната сметка во рамките на Трезорската сметка на Општината.

Тарифен број 4

За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се плаќа такса и тоа:

-до 7 дена ...................600 ден.

-до 30 дена....................................1.000 ден.

-до 1 година.............1.600 ден.

Под истакнување на реклами,објави и огласи се подразбира испишување, лепење,прикачување,цртање или друг начин истакнување на реклами,огласи, плакати и други соопштенија на јавни места.

Под места за рекламирање се подразбираат деловни на постојни објекти, или пак посебно за таква намена поставени табли, паноа,столбови и сл.

Истакнувањето на реклами,објави и огласи се врши со одобрение издадено од Градоначалникот на општина Прилеп, по претходно изработена скица-ситуација и прибавени потребни согласности.

Наплатата на таксата ја врши Органот надлежен за издавање на одобрение за истакнување на реклами,објави и огласи и ја уплатува на соодветна сметка во рамките на Трезорската сметка на Општината.

Тарифен број 5

За користење на музика во јавни локали

-годишно...................5.000 ден.

Тарифен број 6

За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се плаќа такса годишно и тоа:

-за физички лица ....1.000 ден.

-за правни лица од областа на произ-

водството,прометот и услугите.............................2.000 ден.

Одобрение за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории издава Градоначалникот на општина Прилеп.

Наплатата на таксата ја врши надлежниот Орган за издавање на одобрение и ја уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на Општината.

Тарифен број 7

За користењето на плоштадите и друг простор во градот и населените места со цел за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност, се плаќа такса за завземена површина од м2 дневно............................7 ден.

Одобрение за користење на плоштади и друг простор во градот и населените места издава Градоначалникот на општина Прилеп.

Наплатата на таксата ја врши Органот надлежен за издавање одобрение и ја уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на Општината.

Тарифен број 8

За користење на просторот за паркирање на моторни возила:

-паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта

дневно-........................25 ден.

-по саат........................15 ден.

-паркирање на товарни моторни возила и автобуси дневно-

................................................100 ден.

-паркирање на приколки-дневно.................................... 50 ден.

Наплатата на таксата ја врши правното лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг-плацот и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината.

Тарифен број 9

За користење на улиците со патнички,товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли и тоа:

-за патнички возила до 1000 кубика.....................................50 ден.

-за патнички возила од 1000 до 1300 кубика.............................80 ден.

-за патнички возила од 1300 до 1500 кубика...........................100 ден.

-за патнички возила од 1500 до 1800 кубика........................300 ден.

-за патнички возила над 1800 кубика....................................450 ден.

-за товарни возила по тон носивост................................100 ден.

-за автобуси и други возила што служат за превоз на патници ..............................................600 ден.

-за специјални возила.....50 ден.

-за сите видови мотоцикли....50 ден.

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за регистрација на возилата и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината.

Чл.3

На обврзникот на комуналната такса Градоначалникот на Општината му издава Решение за висината на комуналната такса.

Чл.4

Наплатата на комуналните такси се врши без издавање на решенија за:

-користење на просторот пред деловни простории за вршење дејност

-користење на просторот за паркирање на моторни возила и нивни

приколки,моторцикли,мотор и и велосипеди

-истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места

-користење и одржување на јавно осветлување

-користење на површини во кампови,за подигање на шатори и друга

слична привремена употреба.

Чл.5

Надзор над примената на оваа одлука врши Секторот за буџет и финансии-Одделение за администрирање на приходи на општина Прилеп.

Чл.6

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престануваат да важат:

Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси(„Сл.гласник на општина Прилеп„бр.19/2005 и 3/2007 г.);Одлуката за начинот на користење на јавните пешачки површини на подрачјето на општина Прилеп(„Сл.гласник на општина Прилеп„ бр.4/2006г.,3/2007 и 20/2007 г.);Одлука („Сл.гласник на општина Прилеп„бр.5/2004 г.) и Одлука за начинот и условите за истакнување лакати,реклами,огласи и други соопштенија(Сл.гласник на општина Прилеп„бр.3/1999 и 1/2001 godina).

Чл.7

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Прилеп„.

Број 07 - 2929/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2007 godina на Совет на општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

1. Одлуката за изменување на Одлуката за намалување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 2950/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 43 став 6, а во врска со член 45 став 1 алинеа 6 од Законот за градежното земјиште ("Службен весник на РМ"бр.53/2001), и член 26 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп"бр.6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 26.12.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за изменување на Одлуката за намалување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште

Член 1

Во Одлуката за намалување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 17/2005) во:

- точка 1 алинеа 1 ред 2, зборовите: "2 години" се заменуваат со зборовите "3 години"; -
- точка 1 алинеа 2 ред 2, зборовите: "2 години" се заменуваат со зборовите "3 години".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во " Службен Гласник на Општина Прилеп.

Број 07 – 2929/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ВАРОШ- М.В. “ПАДАРНИЦА”, НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р – 513 – ДЕЛНИЦА ПРИЛЕП – МАКЕДОНСКИ БРОД,ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на урбанистички план вон населено место Варош - М.В. “Падарница”, на Регионален пат Р – 513 – делница Прилеп – Македонски Брод, во Општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08 – 2950/4 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 28.12.2007 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 26.12.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за донесување на **Урбанистички план вон населено местоВарош-м.в.”Падарница”,на регионален пат Р-513-делница Прилеп-Македонски Брод ,во Општина Прилеп**

**Чл.1**

Се донесува **Урбанистички план вон населено место- Варош-м.в.”Падарница”,на регионален пат Р-513-делница Прилеп-Македонски Брод** ,во Општина Прилеп, (во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

**Планскиот опфат е ограничен со следните граници:**

од југозападната страна со оската на регионалниот пат Р-513,од северозападната страна со постоен некатегоризиран пат кој води кон обработливи површини –ниви,од северната и источната страна се граничи со приватни парцели КП бр.1799 и1797.Од источната страна се граничи со останатиот дел од КП бр.1797.

**Вака определениот плански опфат е со површина од 1,72ха**.

**Чл.2**

**Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:**

**1.Програма за донесување на урбанистички плнови** за 2005год.за Општина Прилеп,(Сл.гласник на Општина Прилеп бр.10/2004) .

**2.Услови за планирање на просторот**-техн.бр.04505,од Мај 2006год.-изработени од Агенцијата за планирање на просторот.

**3.Решение за услови за планирање на просторот** бр.15-2447/2 од 24.05.2006год.издадено од МЖСПП-Скопје.

**4.Нацрт План** изработен од ДОО”Ин-Пума ” од Скопје,**техн.бр.235/2006** од Декември 2006год.

**5.Извештај од извршена Стручна ревизија** на Нацрт Планот изработена од ДОО”Простор”-од Куманово од Јануари 2007год.

**6.Одговор на забелешките од Стручната ревизија** од изработувачот на планот ,ДОО “Ин-Пума”, од Скопје, од Јануари 2007год.

**7.Прво Стручно мислење** од Министерството за транспорт и врски бр.09-272/5 од 01.03.2007год.

**8.Второ Стручно мислење** од Министерството за транспорт и врски Бр.17-1062/3 од 06.07.2007год.

**9.Одговор на забелешките од Стручното мислење** ,од Јули 2007год.-изработен од ДОО “Ин-Пума”од Скопје.

**10.Одлука за утврдување Нацрт план** бр.07-1801/4 од 14.08.2007год.-Совет на Општина Прилеп.

**11.Одлука за организирање на јавна анкета и јавна презентација** ,по Нацрт Планот, бр.09-272/9 од 21.08.2007год.-Градонач.на Општина Прилеп.

**12.Соопштение за организирање на јавна анкета** и јавна презентација бр.09-272/10 од 23.08.2007г.,објавено во печатен медиум.

**13.Извештај од јавната анкета и Стручна консултација** бр.09-272/13 од 02.10.2007год.

**14.Известување за постапување по извештајот**бр.09-272/15од 06.11.2007год.

**15..Согласност на Предлог планот** ,од Министерството за транспорт и врски бр.17-14581 од 03.12. 2007год.

**16.Комплетен примерок од Предлог Планот,**техн. бр.235/2006,од Октомври 2007год., изработен од ДОО"Ин-Пума" од Скопје,**кој содржи:**

**А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

**-Работна група**

**Б.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

-Причини за изработка на У.П.В.Н.М.

-Процес на изработка на У.П.В.Н.М.

- Природни карактеристики
- Инфраструктура
- Заклучни согледувања

**Графички прилози**

- Извод од Просторен план на РМ
- Ажурирана геодетска подлога М=1:1000
- Документациона основа:постојна намена на површини М=1:1000
- Постојна сообраќајна мрежа М=1:1000

-Постојна инфраструктура М=1:2500

**С.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

- **Текстуален дел**
- **Графички прилози**

План на намена на земјиштето и градбите М= 1:25000

Регулационен план-планска документација М=1:1000

План на површини за градба М= 1:1000

Синтезен план-сообраќаен и нивелациски М=1:1000

Инфраструктурен план и ППЗ мерки М=1:1000

**Чл.3**

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,во електронски формат,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

**Чл.4**

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење.

**Чл.5**

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

**Чл.6**

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Чл.7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 – 2929/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стevананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПРАШАЊАТА НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2008 – 2010 ГОДИНА**

1. Заклучокот за усвојување на Локален акционен план за прашањата на лицата со хендикеп во Општина Прилеп за 2008 – 2010 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2950/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп"бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 26.12.2007 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Локалниот акционен план за прашањата на лицата со хендикеп од Општина Прилеп за 2008-2010 година

1. Се усвојува Локалниот акционен план за прашањата на лицата со хендикеп од Општина Прилеп за 2008-2010 година.

2. Заклучокот ќе се објави во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 2929/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2007 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за изменување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2950/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 57 од Законот за превоз во патничкиот сообраќај (“Службен весник на РМ” бр. 7/1999 – пречистен текст) член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 26 став 1, точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 26.12.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за изменување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Прилеп

Член 1

Одлуката за изменување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Прилеп, (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 3/1999 и 4/2001) во членот 11 ставот 3 се менува и гласи:

“Се утврдува следната тарифа за пресметување на цената на превозот и услугата и тоа:

1.Старт (почеток на превоз ............................................20,оо денари
2. За изминат км ...............20,оо денари
3. Заштитна цена (превоз до 1 км).................................... 40,оо денари
4. Чекање во траење од 1 минута ............................................5,оо денари
5. Чекање во траење од 1 час .........................................300,оо денари.
6. Цената на превозот може да биде утврдена договорно на износи помали од оние по таксиметарот за превоз од едно до друго населено место.
7. За времето од 22,оо ч до 5,оо часот, цената на изминат километар се зголемува за 5 денари.”

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “ Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 2929/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УКИНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА ВОДА И ИЗНЕСУВАЊЕ НА СМЕТ НА СЕМЕЈСТВАТА СО ИНВАЛИДИЗИРАНИ ЛИЦА СО 100 % ИНВАЛИДИТЕТ**

1. Одлуката за укинување на Одлуката за ослободување од обврската за плаќање надоместок за вода и изнесување на смет на семејствата со инвалидизирани лица со 100 % инвалидитет, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 2950/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2007 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп"бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 26.12.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за укинување на Одлуката за ослободување од обврската за плаќање надоместок за вода и изнесување на сметна семејствата со инвалидизирани лица со 100 % инвалидитет

Член 1

Се укинува Одлуката за ослободување од обврската за плаќање надоместок за вода и изнесување на смет на семејствата со инвалидизирани лица со 100 % инвалидитет ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2006).

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 2929/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПОКРЕНУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ СВОЈСТВО НА СПОМЕНИК НА КУЛТУРАТА**

1. Заклучокот за покренување на иницијатива за изменување на Решение за утврдување својство на споменик на културата, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 2950/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2007 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 36 т. 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на Р.Македонија„ бр. 5/02) и член 26 т. 47 од Статутот на општина Прилеп („Сл.гласник на општина Прилеп„ бр.6/03 и 4/05 г.),а по поднесена иницијатива, Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 26.12.2007 година, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
за покренување иницијатива за изменување на Решение за утврдување својство на споменик на културата

1.Се покренува иницијатива , до Министерството за култура - Управа за заштита на културното наследство - Скопје да го измени решението за утврдување својство на споменик на културата,бр. 08/5 - 47/1 од 14.02.89 год.,донесено од Заводот за заштита на спомениците на културата,природните реткости и музеј - Прилеп.

2. Измената на решението од т.1 на овој заклучок се однесува на намалување на површината - опфатот на споменикот на културата „МОГИЛА НА НЕПОБЕДЕНИТЕ„ онака како што е назначено во графичкиот прилог бр.03 - 168/1 од 18.12.07 г.,изработен од ЈП за просторни и урбанистички планови-Прилеп, кој е составен дел на иницијативата.

3. Оваа иницијатива се поднесува од причини што решението е донесено во 1989 година ,а на катастарските подлоги од 1986 година , како и на лице место ,постоело фудбалско игралиште, како и оградена метеоролошка станица.Со намалување на опфатот оваа површина ке биде изземена од површината утврдена со горенаведеното решение.

4. Овај заклучок ќе се објави во „Службен гласник на општина Прилеп„

Број 07 - 2929/9<br>27.12.2007 год.<br>Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на општина Прилеп<br>Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА

1. Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 2950/1-1<br>28.12.2007 година<br>П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Прилеп<br>Марјан Ристески

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002) и член 26, точка 4 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 ), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 26.12. 2007 година, донесе:

## *О Д Л У К А*
## за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година

**Член 1**

Буџетот на Општина - Прилеп за 2008 година (во понатамошниот текст Буџет), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член3**

Износите на приходите наведени во Буџетот за 2008 година не се фиксно определени.

Промените во Буџетот треба да бидат во рамките на вкупниот износ на утврдените приходи.

Доколку во текот на годината планираните приходи, освен изворните приходи се остварат во поголем износ од планираниот истите ќе се прераспределат и ќе се користат во согласност со донесените измени и дополнувања на Буџетот за 2008 година донесени од страна на Советот на Општина Прилеп.

**Член 4**

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои не можат да се преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски мора да се предложи нов извор на средства или да се намалат другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Прераспределбата на планираните расходи во текот на фискалната година ја врши Советот на Општина Прилеп, во рамките на вкупно утврдениот лимит на приходите во буџетот.

Утврдените износи во Буџетот на корисникот може да бидат прераспоредени помеѓу расходни категории, поткатегории, ставки и потставки, со исклучок на расходните ставки и тоа: прераспределбата меѓу капитални расходи и капитални трансфери.

**Член 6**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, и согласно закон.

- Вредноста на коефициентот за исплата на плата на Градоначалникот се утврдува на ниво од 3,40.

- Месечниот надоместок на членовите на Советот на Општина Прилеп за присуство на седници на Советот на Општина Прилеп се утврдува на износ од 70% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена во претходната година.

- На Претседателот на Советот на Општина Прилеп за раководење и организирање на работата на Советот се зголемува за 30% од утврдениот надоместок што го примаат останатите советници.

- На членовите на Комисиите и на др. Работни тела на Советот на Општина Прилеп им се исплатуваат надоместоци за присуство на седниците на Комисиите и др. Работни тела во износ од 800,оо денари без оглед на времетраењето на седниците.

- За државните службеници вредноста на бодот се утврдува на ниво од 44,11 денари.

- Вредноста на коефициентот за исплата на плати за вработените согласно одредбите на Законот за работни односи се утврдува во висина од 4.829 денари.

- Вредноста на коефициентот за исплата на плати во основно образование се утврдува на ниво од 4.180,оо д.

- Вредноста на додатокот за класно раководство во основно образование се утврдува на ниво од 836,оо денари.

- Вредноста на коефициентот за исплата на плати во средно образование се утврдува на ниво од 4.400,оо д.

- Вредноста на додатокот за класно раководство во средно образование се утврдува на ниво од 880,оо денари.

- Основната плата на работник во основно и средно образование не може да биде пониска од 5.566,оо д. Согласно на колективен договор.

**Член 7**

Надоместокот за превоз до и од работно место, по претходно дадена писмена изјава, се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5км од работното место во висина на цената на јавниот превоз, но не повеќе од 900 денари.

На вработените на кои врз основа на официјално одобрение им е дозволено да користат службени возила за личен превоз до и од работното место не им следува надоместок за превоз.

**Член 8**

Надоместокот за храна во текот на еден месец (доколку исхраната не е организирана) изнесува 2.300 денари месечно.

**Член 9**

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор или отсуство од работа по друг основ , надоместокот за превоз и храна не се исплатуваат.

**Член 10**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита од елементарни непогоди, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Надоместокот за отпремнина за пензионирање во општината и локалната јавна установа се исплаќа врз основа на чл.9 ст.1 алинеа 2 и ст.2 од Законот за исплата на платите.

Употребата на Буџетската резерва ја одобрува Градоначалникот на Општина Прилеп.

**Член 11**

Средствата за стоки и услуги потребни за вршење на редовните функции на корисниците на Буџетот се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги се врши и со сметкопотврди, но само во ограничени поединечни износи во противвредност од **500 EUR** каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 12**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во програмите и потпрограмите:

- Програма А- Совет на Општина
- Потпрограма- А0- Совет на Општина
- Програма D - Градоначалник
  Потпрограма D0- Градоначалник
- Програма Е - Општинска администрација
  Потпрограма Е0- Општинска администрација
- Програма F-Урбанистичко планирање и уредување на просторот
  Потпрограма F1 -урбанистичко планирање
- Програма G-Локален економски развој
  Потпрограма G1-Подршка на локалниот економски развој
- Програма J - комунални дејности
- Потпрограма J0 - одржување на урбана опрема

Потпрограми: J3 - јавно осветлување
J6 - одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќајот
J8 - други комунални услуги
JA - изградба на јавно осветлување
JD -изградба и реконструкција на локални патишта и улици
JG -изградба на системи за водоснабдување
JI - изградба на системи за одведување и пречисту вање на отпадни води.
-Програма K -Култура
Потпрограма K1 -Библиотекарство
Потпрограма K4-Културни манифестации и творештво
-Програма M -Социјална заштита и заштита на деца
Потпрограма M1 -Детски градинки
M2 -Домови за стари лица
-Програма N -Образование
Потпрограма N1 -Основно образование
N2 -Средно образование
Програма W -Противпожарна заштита
Потпрограма W0 -Противпожарна заштита

**Член 13**

Буџетот на Општина Прилеп се извршува од 01.01.2008 до 31.12.2008 година.

**Член 14**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп", а ќе се применува од 01 Јануари 2008 година.

| | |
|---|---|
| Број 07 - 2929/2-1 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 27.12..2007 год. | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Димитар Стевананџија |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА

1. Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08 – 2950/1 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 28.12.2007 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

# С О Д Р Ж И Н А

*на “Службен гласник на Општина Прилеп”*
*број 25 од 28.12.2007 година*

1. Одлуката за утврдување височината на комуналните такси. ........................................................................................................**Стр.1**

2.Одлуката за изменување на Одлуката за намалување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште. ........................................................................................................**Стр.4**

3.Одлуката за донесување на урбанистички план вон населено место Варош - М.В. “Падарница”, на Регионален пат Р – 513 – делница Прилеп – Македонски Брод, во Општина Прилеп. ............**Стр.5**

4. Заклучокот за усвојување на Локален акционен план за прашањата на лицата со хендикеп во Општина Прилеп за 2008 – 2010 година. ........................................................................................**Стр.7**

5.Одлуката за изменување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Прилеп........................................................**Стр.7**

6. Одлуката за укинување на Одлуката за ослободување од обврската за плаќање надоместок за вода и изнесување на смет на семејствата со инвалидизирани лица со 100 % инвалидитет................ ........................................................................................................**Стр.8**

7. Заклучокот за покренување на иницијатива за изменување на Решение за утврдување својство на споменик на културата............ ........................................................................................................**Стр.8**

8. Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година...........................................................................................**Стр.9**

9. Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година ..............**Стр.12**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.